# IN MEMORIAM

## ВОИСЛАВ КУШЕВСКИ (1921–1999 г.)



По игра на случајност 3 јануари стана мртовден на двајца стамени членови на Институтот за историја. Пред три години на овој ден го загубивме проф. Христо Меловски, а еве сега и проф. Војо Кушевски.

На 3 јануари 1999 година, во предзорјето на третиот милениум, во утринските часови засекогаш не напушти д-р Воислав Д. Кушевски, редовен професор на Филозофскиот факултет во Скопје (во пензија). Замина тивко и достоинствено, исто онака како и што живееше и твореше. Зад себе остави вредно дело достојно за респект.

Проф.Воислав Кушевски спаѓа во редот на доајените на современата македонска просвета. Тој беше истакнат педагог, методичар и историограф. Неговиот 77-годишен животен пат е длабоко осмислен и плоден.

Роден е на 28 јуни 1921 година во с. Тработивиште, Делчевско во учителска фамилија. Семејната традиција го одвела во тогашната престижна скопска учителска школа, која ја завршил во предвечерјето на Априлската војна, 1941 година. Во август 1944 година се вклучил во редовите на македонската народноослободителна војска. Бил радиотелеграфист во штабовите на IV македонска народноослободителна бригада, 50. дивизија и III брегалничко-струмички корпус. Бил демобилизиран во октомври 1945 година.

Во 1946 година го завршил едногодишниот курс за предавачи (во ранг на идната ВПШ) за историја и географија. Во октомври 1946 година станал наставник во скопското средно економско училиште. Во ноември 1949 година со одлука на Министерството за просвета на НР Македонија, поставен е за инспектор по историја во средните училишта. На оваа должност, со прекини, се задржал до 1959 година. Во меѓувреме бил и директор на струмичката гимназија „Јане Сандански" (1952 г.), на средната фискултурна школа во Скопје (учебна 1952/3 г.) и предавач на ВПШ „Климент Охридски" во Скопје (1953 г.)

Неговата универзитетска кариера ја започнал во 1959 година, кога бил избран за асистент по предметот општа историја на новиот век, што оттогаш почна да го предава младиот доцент Христо Андонов Полјански. Во 1961 година, благодарение на своето богато педагошко искуство, Војо Кушевски избран за предавач по предметот методика на наставата по историја. Всушност, на Војо Кушевски му припадна пионерската улога при втемелува-

њето на оваа нова научна дисциплина, вонредно значајна за теоретската и практичната методска едукација на идните професори по историја.

Во декември 1965 година, проф.Војо Кушевски докторирал на тема „Македонија пред Друштвото на народите", здобивајќи се со титулата доктор по историски науки. Веднаш потоа се нижат звањата: доцент (1967 г.) вонреден (1972 г.) и редовен професор (1977 г.)

Постигна крупни резултати во научноистражувачката работа. Истражувал во архивски центри во земјата и странство. Посебно се резултантни неговите истражувања во швајцарските архиви.

Неговиот примарен научен интерес беше свртен кон методиката на наставата по историја. Оттаму никнаа низа негови значајни прилози од оваа област. Покрај тоа, автор е и на редица учебници и прирачници за историја за основното и средното образование.

Посебно треба да се истакне неговиот студиски престој во Москва во 1968 година на катедрата по методика за наставата по историја при педагошкиот институт „Владимир Илич Ленин".

Покрај примарната вокација, не ја запоставил ни чисто историографската област. Притоа, основна преокупација му беше македонското прашање пред Друштвото на народите, што ја обликува во докторска дисертација. Треба да се изнајдат сили и можности ова дело постхумно да ја види светлината на денот. Покрај тоа, публикувал и статии со теми од периодот меѓу двете светски војни (на пр. Абецедарот), како и од периодот на Втората светска војна. Тој за малку не дочека да ја види отпечатена монографијата за Таки Даскалот во коавторство со сега покојниот Свето Наумоски, во издание на ИНИ. Заедно со Даринка Петреска ги редактираше обемните спомени на Никола Петров Русински, кои беа публикувани кон крајот на 1997 година.

Проф.Кушевски беше учесник е на бројни научни конгреси, симпозиуми и семинари во земјата и странство. Последен пат настапи на последниот меѓународен научен собир „Македонската историска наука – достигања и проблеми", организиран од ИНИ на 18 ноември минатата година со реферат на тема: „За некои историографски проблеми на Македонија, 1913–1934 г.".

Проф. Кушевски го красеа евидентни педагошки квалитети. Посебно се истакна во изградбата на наставно-научниот кадар. Притоа беше ментор и член во комисија за одбрана на бројни магистранти и докторанти. До крај беше вклучен во пишување реферати за избор во звања. Од последните два, првиот го заврши, а авториот го остави во наследство на помладите.

Проф. Војо Кушевски е еден од корифеите на сојузот на друштвата на историчарите на Македонија. Беше и негов преседател. Се вбројува и меѓу втемелувачите на списанието „Историја". Беше и негов главен уредник. Со посебно внимание и љубов ја негуваше рубриката за наставата по историја. Даде крупен придонес и во историјата на физичката култура, пред сè, како долгогодишен уредник на периодичникот „Прилози за историја на физичката култура на Македонија". Оттаму беше и претседател на Републичката комисија за историја на физичката култура на Македонија, член –кореспондент на меѓународната асоцијација за историја на физичката култура при УНЕСКО. Меѓу другото, беше и продекан на Филозофскиот факултет во Скопје.

Носител е на бројни признанија, меѓу кои се извишува крупното републичко признание, Наградата „Климент Охридски“ за 1975 година.

Како човек беше тивок, хуман, комуникативен, секогаш отворен кон младите. Тој беш еден од ретките професори-пензионери кој често беше меѓу нас, секогаш готов да даде совет и помош за разрешување на проблемите. Оттаму беше омилен и ценет во нашата средина.

Последен пат меѓу нас беше на прославата на патрониот празник на Филозофскиот факултет на 16 декември минатата година. Притоа изрази посебно задоволство од одбележувањето на новоизлезената книга на проф. Томо Томоски „Македонија низ вековите“, како и од отворањето на постојаната Галерија на ликови на поранешни членови на Институтот за историја. За многумина од нас тоа беше последна средба со него.

Неговото физичко заминување претставува неизмерна загуба за неговите најблиски, сопругата Ленче и синот Митко, за семејството Кушевски, за Институтот за историја, за Филозофскиот факултет, за Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, за сите оние што го познаваа и го респектираа.

Неговиот мил лик, неговото неодминливо дело, ќе остане засекогаш во нашите сеќавања.

Она што трајно останува е неговото дело вткаено во македонската просвета, наука и култура на XX век.

Димитар ДИМЕСКИ